ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

**Врска:** Ваш арх.број: 08-146/2 од 17.01.2019

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр 0302/773-010
23.01 2019 год.
СКОПЈЕ

**До:**

Централен регистар на Република Македонија

Адреса: „Кузман Јосифоски Питу“ број 1

Скопје

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
Регионална Регистрациона канцеларија Скопје

ПРИМЕНО 23 -01- 2019 ПРИМЕНО

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 146/3 | | |

**ПРЕДМЕТ:**

Одговор на Вашето известување арх.број: 08-146/2 од 17.01.2019

Почитувани,

Со оглед дека се повикувате на став (1) член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи во кој јасно е наведено дека покрај уверение од Институтот, неопходно е секој сметководител и/или овластен сметководител да биде евидентиран во регистрите на Институтот сакаме да Ве информираме за следново:

Согласно став (1), точка 4 од член 30 од Законот за вршење на сметководствени работи, сметководителот односно овластениот сметководител **се брише** од соодветниот регистар **-доколку не ја плати годишната членарина**. Исто така покрај членарината, секој сметководител односно овластен сметководител **е обврзан да достави и друга документација** (образец дека е во работен однос М1-М2 согласно став (4) член 20 од истиот закон).

Со оглед дека согласно нашата евиденција има голем број на сметководители и овластени сметководители кои не ја имаат исплатено членарината за 2017 година но и за 2018 година, како и поради фактот што некои од нив не се ниту во редовен работен однос, а притоа имајќи ги во предвид надлежностите на Централниот регистар на РМ бараме од Ваша страна да биде спроведена контрола при приемот на годишните сметки од страна на сметководители и овластени сметководители, на начин што од секој поединечен овластен сметководител и/или овластен сметководител **покрај соодветно уверение, при поднесувањето на годишна завршна сметка задолжително да Ви биде доставен и доказ -потврда дека е регистриран во сооветниот регистар при Институтот а со цел целосно**

Институт на сметководители и овластени сметководители
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

**спроведување на став (1) од член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи.**

Доколку имате било какво сомневање во однос на начинот на примена на став (1) од член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи, бараме без одлагање да побарате соодветно мислење и од страна на Министерството за финансии на РМ од причина што овој државен орган согласно член 42 од Законот за вршење на сметководствени работи е единствениот орган кој спроведува надзор врз примената на истиот закон.

За превземените дејствија Ве молиме без одлагање да ни доставите писмено известување.

Однапред благодарни.

Членови на Управниот одбор,

Орхан Рамадани ____________________

Јован Златевски ____________________